# ПРИРАЧНИК ЗА МЛАДИ ГЛАСАЧИ



ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

# ПРИРАЧНИК ЗА МЛАДИ ГЛАСАЧИ

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**Наслов:** Прирачник за млади гласачи

**Автори и авторки:** Бојан Кордалов, независен консултант; Адмир Шабани, Државна изборна комисија на Република Северна Македонија; Нина Шуловиќ-Цветковска и Јасмина Тодоровска-Митева, Мисија на ОБСЕ во Скопје

**Уредничка:** Елизабета Постоловска, Државна изборна комисија на Република Северна Македонија

**Издавачи:** Државна изборна комисија на Република Северна Македонија и Мисија на ОБСЕ во Скопје

**Лектура:** Бестел

**Графичко обликување и печат:** Полиестердеј

**Илустрации:** Игор Стевковски

Прирачникот е изработен во рамките на проектот „Поддршка на демократското управување и процесите за инклузија" на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во 2020 година, во соработка со Државната изборна комисија на Република Северна Македонија.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

www.osce.org/skopje

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

www.sec.mk

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и умножува во образовни и други некомерцијални цели, под услов при секоја таква репродукција да се наведат Државната изборна комисија на Република Северна Македонија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје како извор.

Содржината, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците содржани во оваа публикација не ги одразуваат гледиштата и ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

# СОДРЖИНА

**Воведен збор** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4
**Листа на користени скратеници** . . . . . . . . . . . . . . . . . 5
**1.Младинско учество**. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6
1.1. Дефинирање и разбирање на учеството . . . . . . . . . . 7
1.2. Форми на младинското учество . . . . . . . . . . . . . . . . 9
1.3. Политичко учество на младите . . . . . . . . . . . . . . . 10
**2. Какви избори постојат во нашата земја?**. . . . . . . . . 12
2.1. Парламентарни избори . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 14
2.2. Претседателски избори . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16
2.3. Локални избори . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .17
2.4. Влада на Република Северна Македонија . . . . . . . . 19
**3. Подготовка и спроведување на изборите** . . . . . . . . . 20
3.1. Изборни органи. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 21
3.1.1. Државна изборна комисија (ДИК) . . . . . . . . . . 22
3.1.2. Општинска изборна комисија (ОИК). . . . . . . . . . 23
3.1.3. Избирачки одбор (ИО) . . . . . . . . . . . . . . . . . . 24
3.2. Други важни чинители за подготовка и организирање на изборите25
3.2.1. Овластени претставници на подносителите на листи на кандидати . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25
3.2.2. Набљудувачи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25
3.2.3. Медиуми . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27
**4. Денес се одржуваат изборите - Прв пат гласам** . . . . . 28
4.1. Пред да гласаш, треба да го знаеш следново . . . . . . 29
4.2. Процес на гласање. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 31
**5. Право на глас и заштита** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 40
**6. Инклузивност на изборниот процес** . . . . . . . . . . . . 42
6.1. Што значи инклузија или инклузивност?. . . . . . . . . . 43
6.2. Лица со попреченост . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 44
6.3. Учество на жените . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 45
**7. Биди промената која сакаш да ја видиш** . . . . . . . . . . 48
**8. Прашања и дилеми кои младите често ги упатуваат до ДИК** . . . 50
**Користена литература** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 62

# ВОВЕДЕН ЗБОР

**ПОЧИТУВАНИ МЛАДИ ГЛАСАЧИ,**

Секој од нас постојано започнува нови и важни поглавја во текот на својот живот. Потребата од прифаќање на циклусот на промени и постојаното приспособување се основата на функционирањето и успехот на секој човек. Доколку во текот на целиот живот останеме отворени за совладување нови предизвици и стекнување дополнителни знаења и искуства, тогаш можеме да постигнеме многу и постојано да се развиваме, станувајќи зрела личност која цврсто чекори на својот пат. Учеството како фундаментално право на граѓаните и граѓанките е многу важен сегмент во нашиот демократски живот.

Токму осумнаесеттата година во животот на секоја личност е вистинска пресвртница. Тогаш секој млад човек се стекнува со правото самостојно да одлучува за својот живот, но истовремено и да одговара за себе и за своите постапки. Со наполнети 18 години секој од нас добива право на глас. Избираме пратеници, а преку нив ги менуваме и министрите и премиерите. Го даваме својот глас за идните општествени промени и текови. Бираме кои ќе бидат нашите градоначалници и советници, избираме кој претседател или претседателка ќе ја води нашата земја, но исто така може и нас да нè бираат. Учествуваме во референдумските изјаснувања на локално и државно ниво, со кои го изразуваме својот личен став по одредени општествено важни прашања и на тој начин влијаеме на властите. Накратко, на денот на изборите моќта е целосно во нашите раце. Секој од нас индивидуално носи одлука за иднината на државата, за локалниот развој, избираме во какво општество ќе живееме следните години. Но, за да бидете во можност да направите избор според сопствените убедувања и тоа свое право да го реализирате на начин како што е тоа пропишано во Изборниот законик и во законите на државата, потребно е да бидете информирани и да го познавате текот на изборниот процес.

Државната изборна комисија, како највисок орган во државата задолжен за спроведување на изборите, е посветена кон тоа младите гласачи да бидат навремено и добро информирани за своите изборни права. Токму тоа е и целта на овој прирачник. Во овој прирачник се обидовме да ги опфатиме и да дадеме одговор на основните прашања поврзани со изборните процеси, со начинот на гласање и со правата кои им припаѓаат на избирачите.

Веруваме дека прирачникот ќе Ви биде од голема корист, а Државната изборна комисија секогаш останува отворена за Вашите прашања, мислења, совети и иновативни предлози.

**Оливер Деркоски,**
**претседател**
**на Државната изборна комисија**

# ЛИСТА НА КОРИСТЕНИ СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **ГМ** | гласачко место или место за гласање |
| **ДИК** | Државна изборна комисија |
| **ДКП** | дипломатско-конзуларни претставништва |
| **ЕМБГ** | единствен матичен број на граѓанинот |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ИМ** | избирачко место |
| **ИЗ** | Изборен законик |
| **ИО** | избирачки одбор |
| **ИО-ДКП** | избирачки одбори за спроведување на гласањето во дипломатско-конзуларните претставништва и конзуларните канцеларии на Република Северна Македонија во странство |
| **ИС** | избирачки список |
| **ЛК** | лична карта |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка на Европа |
| **ОИК** | општинска изборна комисија |

# 1. МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

„НИКОГАШ НЕ СЕ СОМНЕВАЈ ДЕКА МАЛА ГРУПА НА ОРГАНИЗИРАНИ И ПОСВЕТЕНИ ГРАЃАНИ МОЖЕ ДА ГО ПРОМЕНИ СВЕТОТ; ВСУШНОСТ ТОА Е ЕДИНСТВЕНОТО НЕШТО ШТО ГО ПРОМЕНИЛО СВЕТОТ!“
– МАРГАРЕТ МЕД



**Промената во општеството е единствено можна доколку во неа учествува секој поединец.** Оттука, сите општества кои се грижат да се развиваат и да создаваат позитивни општествени промени потребно е во голема мера да се потпрат на младите луѓе или, со други зборови, да ги препознаат можностите како и потенцијалот којшто младите го имаат за да бидат носители на промените и за да бидат вклучени во сите процеси кои значат позитивен импулс во секоја сфера на општеството.

**„Младите умеат и имаат капацитет да организираат, комуницираат, да влијаат и да дејствуваат како сила за позитивна трансформација.“[1]**

## 1.1. ДЕФИНИРАЊЕ И РАЗБИРАЊЕ НА УЧЕСТВОТО

Политичкото учество и активното граѓанство се најважните елементи на демократската политичка култура во секое општество. Ова е причината зошто е неопходно младите луѓе да се мотивираат активно да учествуваат во процесот на донесување одлуки, имајќи предвид дека младите како социјална група имаат специфични барања и потреби кои треба да бидат земени предвид во процесот на подготовка на политики.

Активното граѓанство, како и учеството на граѓаните и граѓанките, особено на младите во општествениот живот е една од најосновните придобивки на демократијата. Младинското учество подразбира активно учество на младите во локалните заедници, активности поврзани со младински организации[2], организации за млади[3], младински чадор-организации[4], како и политички подмладоци, ученички и студентски организации и други форми на младинско здружување кои ги препознава Законот за младинско учество и младински политики, здруженија на граѓани, учество во јавни дебати и настани, политичка вклученост или пак учество во локалните младински совети.

1 Прирачник за учество на младите во изборните процеси, 2017, Европска комисија (ЕК) и УНДП. http://www.undp.org/content/dam/undp/library/Democratic%20Governance/Youth/2017%20-%20UNDP-EC%20-%20Youth%20Participation%20in%20Electoral%20Processes_Handbook%20for%20EMBs.pdf

2 Младинска организација е секоја организација која е регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации, во која највисокото тело на одлучување е составено од најмалку две третини млади лица на возраст од 15 до 29 години и чиишто цели и активности се дефинирани и насочени кон унапредување на интересите на младите.

3 Организација за млади е секоја регистрирана организација согласно Законот за здруженија и фондации, која не е водена од млади или е подмладок на политичка партија, младинска секција во синдикат организирана како дел од друг правен субјект, чиј дел од програмските цели и активности се насочени кон унапредување на интересите на младите.

4 Младински чадор организации се организации во кои членуваат формите на младинско организирање кои се обединуваат поради остварување на заеднички цели во специфични области од интерес на младите.

Преку активното учество на младите им се овозможува да стекнат и да развиваат нови вештини без оглед на нивната етничка и родова припадност, да преземаат одговорност за своите активности и одлуки, да даваат предлози и идеи за подобрување на нивната положба, како и активно да се вклучуваат во активности на локално, национално и меѓународно ниво.

Меѓународните институции и организации постојано ја истакнуваат важноста на младинското учество и вклучувањето на младите во процесите на донесување одлуки.

Младите[5] во нашата земја, се подеднакво важни како и сите останати чинители во општеството, за сите процеси кои придонесуваат кон развојот и градењето на демократско општество, односно важно е нивното учество во процесите на донесување и спроведување одлуки на сите нивоа и за сите прашања кои ги засегаат нив. **Тоа подразбира дека младите треба да изразуваат и креираат мислења, да учествуваат и да имаат моќ во донесувањето одлуки за оние прашања и аспекти кои нив ги засегаат.**

За првпат во нашата земја, младинското учество е дефинирано во Законот за младинско учество и младински политики[6].



**МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ПРЕТСТАВУВА ПРОЦЕС КОЈ ИМ ОВОЗМОЖУВА НА МЛАДИТЕ УЧЕСТВО И ЗАЕДНИЧКО НОСЕЊЕ ОДЛУКИ ЗА ПОЛИТИКИ И ПРОГРАМИ КОИ ДИРЕКТНО ИЛИ ИНДИРЕКТНО ГО ОБЛИКУВААТ ЖИВОТОТ НА МЛАДИТЕ.**

5 Согласно Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“, бр. 14/20), млади се лица на возраст од 15 до 29 години.

6 „Службен весник на РСМ“, бр. 10/2020 .

## 1.2. ФОРМИ НА МЛАДИНСКОТО УЧЕСТВО

Разликуваме две димензии на младинско учество:

### 1 ДИРЕКТНО УЧЕСТВО

преку кое на политичките одлуки директно се влијае и се овозможува вклученост на младите во структурите на одлучување во политичките и институционалните процеси.

### 2 ИНДИРЕКТНИ ФОРМИ

на учество кои имаат за цел да се допре до граѓаните и граѓанките и да ги поттикнат да поддржат одредени прашања и позиции, преку дискусии, градење мислења, како и кампањи. Постојат различни мислења околу тоа како да се поделат формите на учество, но генерално можеме да ги поделиме на 3 категории:

- **конвенционално учество**
  со учество во изборен процес
- **институционален активизам**
  преку учество во граѓански сектор
- **вонинституционален активизам**
  учество во неформални групи, легални протести итн.

## 1.3. ПОЛИТИЧКО УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ

**Политичкото учество на младите** може, но не мора да биде поврзано со членувањето во политичка партија. Политичкото учество на младите е исто така учество во процесите на донесување одлуки. Младите можат и имаат моќ да влијаат на овие процеси и/или да учествуваат како политички актери на различни нивоа, почнувајќи од локално до регионално, национално, европско и меѓународно ниво. **Политичките партии не се и не треба да бидат единствениот избор за политичко ангажирање.** Но, младите имаат право да си го кажат својот став и мислење за политиките кои влијаат на нивниот секојдневен живот.

Нивното политичко учество може да опфати повеќе форми, како на пример младински активизам во граѓанската област, практикување активно граѓанство или придонес во процесите кои се однесуваат на политики и практики. Ова може да се однесува на учество во локалниот младински совет, гласање на избори или пак, учество во процес на подготовка на стратегија за вклучување на ранливи групи и слично.

Изборите се најчестиот конвенционален, односно формален начин на политичко учество. Зголемувањето на излезноста на младите гласачи и гласачки на избори, без разлика на видот на изборите претставува исклучителен предизвик, но и можност на младите да учествуваат во политичкиот живот на конвенционален начин. Собранието и советите на општините претставуваат можности за младите да гласаат, но и да бидат бирани, односно да бидат на кандидатските листи за пратеници и пратенички или пак за советници и советнички во општината во која живеат. Учеството на младите луѓе како пратеници и пратенички, градоначалници или градоначалнички, односно советници и советнички во советите на општините е одличен пример за политичко учество на младите.

Во последните декади, како на национално, така и на европско ниво, постои големо намалување на излезноста на младите гласачи на изборите. На ова се гледа како на исклучителен предизвик, бидејќи младите често преферираат да учествуваат во други форми и активности.



Постојат општествени и политички процеси кои имаат големо влијание на младите во нивното отуѓување од конвенционалното политичко учество и негативниот став кон политиката. За жал, младите сè повеќе се повлекуваат, покажуваат апатија и искажуваат недоверба спрема политичарите. Апатијата е делумно предизвикана од верувањето дека младите немаат никакво влијание во политичките процеси и одлуки и дека служат најчесто како декор. Програмите на политичките партии и кампањи не ги препознаваат доволно проблемите на младите; младите не се многу застапени во политичките програми или пак политичарите не се занимаваат и не нудат решенија за младите. Ова води кон незаинтересираност за гласање.

Меѓународната практика и искуството покажуваат дека младите можат и играат голема улога во креирањето и менувањето на општеството во кое живеат. Токму затоа, нивната вклученост во процесите на сите нивоа како активни, информирани и одговорни граѓани и граѓанки е еден од начините за подобро и одржливо демократско општество. Младите луѓе со својот ентузијазам, моќ и потенцијал сè повеќе се препознаени како значајни актери на креативна промена и токму затоа гласот на младите мора да се слушне кога се разговара и се одлучува за прашања што ги засегаат нив. Младите имаат улога во одржувањето на демократските процеси и општества и влијание во градењето на демократијата, мирот и стабилноста!

# 2.

# КАКВИ ИЗБОРИ ПОСТОЈАТ ВО НАШАТА ЗЕМЈА?

**СЕКОЈА ПРОМЕНА, ОДНОСНО СЕКОЕ ПОДОБРУВАЊЕ ЗАПОЧНУВА ВО МОМЕНТОТ КОГА ЌЕ ДОНЕСЕМЕ ОДЛУКА ДА НАПРАВИМЕ НЕКАКОВ ИЗБОР.**

**А, избори правиме секојдневно.**

На пример, кога одлучуваме која лекција прво ќе почнеме да ја учиме, каде ќе излеземе за викенд, со кого сакаме да се дружиме, што ќе облечеме за некој важен настан, каков телефон ќе купиме, кој испит прв ќе го пријавиме за полагање итн.

Оттука, **најважниот избор**

изборот во какво општество сакаме да живееме, дали нашите иновативни идеи и решенија ќе бидат слушнати и со кое темпо ќе се одвиваат промените и напредокот за кои се залагаме - **го правиме на денот на одржувањето на изборите.**

Општото избирачко право опфаќа две компоненти:
**активно и пасивно избирачко право.**

**Активното избирачко право** претставува право на граѓанинот непосредно да учествува во изборот на народни претставници. За да може да го оствари ова избирачко право, потребно е лицето да биде запишано во Избирачкиот список и да има важечка лична карта или пасош.

**Пасивното избирачко право** го означува правото на граѓанинот да биде кандидиран, односно избиран. Важен податок кој треба да се знае е дека Уставот предвидува дека за претседател на Републиката може да биде избрано лице кое е најмалку на 40-годишна возраст.

**Во Република Северна Македонија се одржуваат:**

- **ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ;**
- **ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ;**
- **ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ И**
- **РЕФЕРЕНДУМ (НА ДРЖАВНО НИВО И ЛОКАЛНО НИВО).**

Сите видови на избори се **општи, непосредни и слободни, а се одвиваат со тајно гласање,** односно никој не знае и не треба да знае за кого го даваш твојот глас.

**ОПШТИ ИЗБОРИ**

означува гласање или избор на власт на повеќе нивоа, во точно утврдени временски интервали.

**НЕПОСРЕДНИ ИЗБОРИ**

значи можност за директен избор на политичките претставници од страна на граѓаните и граѓанките.

**СЛОБОДНИ ИЗБОРИ**

означува дека секој граѓанин или граѓанка кои имаат избирачко право можат слободно да го изразат своето мислење, односно без каков било притисок да одлучат за кого ќе гласаат.

**ТАЈНО ГЛАСАЊЕ** подразбира дека избирачот не треба да открива за кого гласал, како и дека никој не смее да го/ја повика на одговорност заради гласањето или, пак, од него/неа да бара да каже за кого гласал/а или зошто не гласал/а.[7]

7 Изборен законик, член 3 - Еднакво избирачко право, „Службен весник на РСМ" 42/2020.
(1) Претседателот на Републиката, пратениците, членовите на советите и градоначалникот на општината се избираат на општи, непосредни и слободни избори, со тајно гласање.
(2) Никој не смее да го повика избирачот на одговорност заради гласањето, ниту пак од него да бара да каже за кого гласал или зошто не гласал.

Според Уставот на Република Северна Македонија, едно од основните начела на демократијата, независноста и самостојноста е поделбата на државната власт на:

- законодавна,
- извршна и
- судска.

Во овој прирачник се осврнуваме на законодавната и извршната власт, односно само на видовите на избори кои се одржуваат во нашата земја и времетраењето на мандатите на избраните функционери.

## 2.1. ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

**СОБРАНИЕТО** е носител на законодавната власт, односно ги носи законите во земјата. Токму затоа за Собранието уште се вели дека е претставнички дом на секој граѓанин и на секоја граѓанка, а пратениците и пратеничките неслучајно се нарекуваат и народни избраници/избранички. Целта е тие да одлучуваат самостојно и по сопствена волја и уверување, притоа водејќи се единствено според интересот на сите граѓани и граѓанки и иднината на земјата.

**Според нашиот Устав, Собранието го сочинуваат од 120 до 123 пратеници и пратенички.**

На територијата на нашата држава во моментов се дефинирани вкупно 6 изборни единици (ИЕ), во рамките на кои се избираат по 20 пратеници и пратенички. Со тоа вкупниот број на народни избраници и избранички во Собранието во моментов изнесува 120 пратеници.



За спроведување избор на пратеници и пратенички од дијаспората, Изборниот законик предвидува формирање 1 дополнителна изборна единица, односно ИЕ 7 од која се бираат најмногу тројца пратеници или пратенички. Со ова вкупниот број на народни избраници и избранички во Собранието може да достигне најмногу 123 пратеници и пратенички.

Политичките партии и коалиции на парламентарните избори се кандидираат со листи од по 20 кандидати за пратеници и пратенички во секоја изборна единица, освен во ИЕ 7 каде се кандидираат тројца пратеници и пратенички. На денот на изборите, според сопствено убедување ние избираме една од понудените листи на кандидати во нашата изборна единица.

Не значи дека сите 20 кандидати од изборната листа на една политичка опција на крајот ќе бидат избрани. Во зависност од вкупниот број на освоени гласови во изборните единици, според посебна формула на крајот на изборите (Д'Хондт-овата формула)[8], се пресметува колку кандидати од секоја изборна листа се избрани. На пример, во една изборна единица може да се изберат 10 пратеници/пратенички од политичката опција А, 7 пратеници/пратенички од политичката опција Б и 3 пратеници/пратенички од политичката опција В. Пратениците и пратеничките се избираат со мандат од 4 години и не може да бидат отповикани. Изборот на пратеници се врши во еден изборен круг.




8 Изборен законик, член 127-а, „Службен весник на РСМ“ бр. 42/2020:
(4) Утврдувањето на резултатите од изборите се врши со примена на Д'Хондт-овата формула.
(5) По утврдувањето на вкупниот број дадени гласови за тој број на кандидати во изборната единица (таканаречена избирачка маса), секоја листа одделно се дели со низот делители 1, 2 и 3 сè додека не се распределат според определениот принцип сите пратенички места во изборната единица.
(6) Количниците од делењето од ставот (5) на овој член се редат по големина при што се релевантни онолку најголеми количници колку што се избираат пратеници во изборната единица.
(7) Листата на кандидати добива толкав број на пратенички места колку што има најголеми количници од бројот на количниците од ставот (6) на овој член.

## 2.2. ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ



**Претседателот/претседателката** ја претставува Републиката и е врховен командант/ка на вооружените сили. Тој/таа е дел од извршната власт во нашата земја. Претседателот/ката се бира со мандат од 5 години, а за да може да биде кандидат/ка потребно е да биде на најмалку 40-годишна возраст. Важно да споменеме е и дека едно исто лице може најмногу два пати да биде избрано да ја врши претседателската функција.

На денот на изборите избираме претседател или претседателка од кандидатите предложени од страна на политичките партии и коалиции или од кандидатите кои настапуваат како независни од која било политичка партија. Изборот за претседател/ка има можност да се изврши во еден или во два изборни круга.

Претседателот/ката на Републиката има важни надлежности во надворешната политика, како и безбедноста, а меѓу другото дава помилување на затвореници и доделува одликувања и признанија на заслужни граѓани, граѓанки и организации. Претседателот/ката исто така има надлежност да донесе одлука дали ќе ги потпише указите за прогласување на законите донесени во Собранието.

## 2.3. ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ

Со цел поголема и понепосредна вклученост на граѓаните и граѓанките во процесот на одлучување, на секои 4 години избираме локална власт во општината во која живееме, односно во Градот Скопје. На денот на изборите одлучуваме за избор на градоначалник/градоначалничка и советничка листа во нашата општина/Градот Скопје.

Советниците и советничките и градоначалниците/градоначалничките се избираат со мандат од 4 години и не може да бидат отповикани. Изборот на советниците и советничките се врши во еден изборен круг, додека изборот за градоначалници/градоначалнички се врши во еден или во два изборни круга.

Локалната власт има големи надлежности во комуналната сфера, образованието, урбаното планирање, културата, екологијата. Исто така, токму од локалната власт зависи и именувањето на директор(к)и во основните и средните училишта, а со тоа и каков образовен систем ќе има во општината во која живееш.

Од тоа дали и како ќе гласаш на локалните избори, директно зависи кои личности ќе бидат дел од власта во општината во која живееш. Тоа буквално значи дека на денот на изборите одлучуваш како сакаш да изгледа твојата улицата во следните четири години, колку често ќе се чисти, реконструира, дали ќе има повеќе паркови и зеленило и слично.

| ВИД НА ИЗБОРИ: | ШТО БИРАМЕ: | МАНДАТ/ ВРЕМЕТРАЕЊЕ: | КАКВА ВЛАСТ ИЗБИРАМЕ: |
|---|---|---|---|
| Парламентарни избори | Пратеници во Собранието | 4 години | Законодавна власт |
| Претседателски избори | Претседател на Републиката | 5 години | Извршна власт |
| Локални избори | Градоначалници на 80 општини и на Град Скопје (вкупно 81 единица на локална самоуправа)<br><br>Советници или членови на советите на 80 општини и на Градот Скопје | 4 години | Локална власт |
| Референдум | Референдумот е облик на непосредно изјаснување на граѓаните во одлучувањето за одделни прашања. Референдумот може да се распише за:<br><br>1) целата територија на Република Северна Македонија (референдум на државно ниво);<br><br>или<br><br>2) за подрачјето на општината, за градот Скопје и за општините во градот Скопје (референдум на локално ниво)[9]. | Пример за одржан референдум на локално ниво:<br><br>Референдум во 2017 година одржан во 6 општини во југоисточниот дел на земјата против отворањето на рудници за злато и бакар. | Примери за одржан референдум на државно ниво:<br><br>1) Референдум во 2018 година на кој граѓаните можеа да се изјаснат на следното поврзано референдумско прашање: „Дали сте за членство во ЕУ и НАТО со прифаќање на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција?“<br><br>2) Референдум во 2004 година за задржување на дотогашната територијална поделба во земјата, односно со цел поништување на новиот Закон за територијална организација. |

9 Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, „Службен весник на РСМ“ бр. 81/2005

## 2.4. ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Дали некој недостасува во горната табела?**

Да, тоа е Владата која е носител на извршната власт во нашата земја. Но, министрите и претседателот/ката на Владата не ги гласаме директно на избори, туку тие се бираат од страна на пратениците и пратеничките во Собранието.

Со други зборови, давајќи го нашиот глас на парламентарните избори, ние одлучуваме која политичка партија или коалиција ќе ја предводи Владата за мандат/период од 4 години.

### КАКО ПРАВИЛНО СЕ НАРЕКУВА ПРВИОТ ЧОВЕК НА ВЛАДАТА?

Зборот „премиер“ (анг. prime minister) го означува првиот човек на Владата. Иако потеклото на овој збор е од 17 век од Франција, оваа титула за прв пат се појавува во Велика Британија еден век подоцна.

Во нашиот Устав формално се користи терминот „претседател на Владата“. Сепак, во секојдневниот говор и во медиумските објави многу почесто го сретнуваме зборот „премиер“.

Кој од двата термина (претседател/ка на Влада или премиер/ка) да го користиме, нема да погрешиме. Но, важно е да запомниме дека изразот „премиер/ка на Владата“ не е правилен.

# 3.
# ПОДГОТОВКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ



## 3.1. ИЗБОРНИ ОРГАНИ

Подготовката и спроведувањето на изборите, или многу пати може да се сретне и изразот администрирање на изборите, е во надлежност на изборните органи. Изборните органи се грижат за редот и за тајноста на изборите, онака како што тоа е пропишано во законите. Изборната администрација е одговорна и за навремено спроведување на изборите, како и за координација и поддршка на целиот изборен процес од распишување до пребројување на гласовите, односно до објавување на конечните резултати.

**Кој ги сочинува изборните органи односно органите за спроведување на изборите?**

Државна изборна комисија **(ДИК)**

Општински изборни комисии **(ОИК)** и Изборна комисија на Град Скопје

Избирачки одбори **(ИО)**/Избирачки одбор за спроведување на гласањето во странство



### 3.1.1. ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА (ДИК)

**Државната изборна комисија** се грижи за законитоста во подготовката и спроведување на изборите и врши надзор над работата на изборните органи. Составена е од претседател/ка, потпретседател/ка и членови/ки кои ги избира Собранието, по претходен предлог на политичките партии.

**Дел од клучните активности кои ги врши ДИК:**

- се грижи за целосното организирање и спроведување на изборите;
- донесува подзаконски акти;
- го именува составот на ОИК/ИК на Град Скопје;
- ги потврдува и објавува листите на кандидати за претседателските и парламентарните избори, додека за локалните тоа го право ОИК;
- врши обука на членовите на изборните органи на другите две нивоа (ИОК и ИО);
- ја информира и едуцира јавноста, односно гласачите за начинот на гласање и за остварување на избирачкото право;
- известува за излезноста на денот на гласањето;
- ги објавува прврничните резултати и конечните резултати од спроведените избори (за претседателските и за парламентарните избори, додека за локалните избори тоа го прави ДИК);
- одлучува по приговори;
- пополнува и доставува статистички податоци за потребите на Државниот завод за статистика.

Дополнително, сите изборни органи, а особено ДИК, водат особена грижа за мотивирање на младите и за зајакнување на младинското учество во изборниот процес.

### 3.1.2. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА (ОИК)

**Општинската изборна комисија** се грижи за законитоста во подготовката и за спроведување на изборите преку именување и вршење надзор над работата на избирачките одбори. Општинските изборни комисии се составени од претседател/ка и 4 членови/ки кои имаат свои заменици/чки. Тие се избираат од вработените во државната, општинската и администрацијата на Градот Скопје по случаен избор, а за време од пет години. Нивното именување се врши од страна на Државната изборна комисија.

Општинските изборни комисии се со седиште во општините и се надлежни за спроведување на изборните дејствија во изборните единици и на избирачките места.

Општински изборни комисии има онолку колку што има единици на локалната самоуправа  во земјава (80 општини  и Град Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, што значи 81).

**Дел од клучните активности коишто ги врши општинската изборна комисија:**

- го именува составот на избирачките одбори;
- ги информира граѓаните за местото на гласање;
- по спроведувањето на изборите ги сумира резултатите до ниво на цела општина;
- одлучува по приговори за лично избирачко право само во текот на гласањето;
- ги потврдува и објавува листите на кандидати за локалните избори, додека за претседателските и за парламентарните избори тоа го прави ДИК;
- ги објавува првичните резултати и конечните резултати од спроведените избори за локалните избори, додека за претседателските и за парламентарните избори тоа го прави ДИК.

Само по овој основ, односно како членови на ОИК/ИК на Град Скопје, за време на секои избори се ангажираат околу 1.000 луѓе. Важно е уште еднаш да нагласиме дека секој учесник во изборниот процес има важна улога во спроведувањето на регуларни, слободни и фер избори.

### 3.1.3. ИЗБИРАЧКИ ОДБОР (ИО)

**Избирачкиот одбор** се формира посебно на секое избирачко место. Избирачкиот одбор е составен 10 члена и тоа од: претседател/ка, заменик/чка, и четворица членови/ки и нивни заменици/чки. Претседателот/ката и два члена/ки, како и нивните заменици/чки се избираат од вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на Градот Скопје по случаен избор, за време од четири години.

Во секој избирачки одбор се именуваат 2 члена/ки и нивни заменици/чки на предлог на политичките партии од власта и 2 члена/ки и нивни заменици/чки на предлог на политичките партии од опозицијата.

**Дел од клучните активности коишто ги врши ИО:**

- го спроведува гласањето на самото избирачко место (детално опишано во следната глава од овој прирачник);
- обезбедува тајно и слободно гласање;
- ги утврдува и сумира резултатите од гласањето на избирачко место во Записник за гласање, сумирање и утврдување резултати од избирачкото место (Образец број 16).

ИЗБИРАЧКИТЕ ОДБОРИ ЗА ГЛАСАЊЕ ВО СТРАНСТВО ГИ ИЗВРШУВААТ ИСТИТЕ ЗАДАЧИ КАКО И ИЗБИРАЧКИТЕ ОДБОРИ ВО ЗЕМЈАВА, А ГЛАСАЊЕТО СЕ ОДВИВА ВО АМБАСАДИТЕ, ОДНОСНО ВО ДИПЛОМАТСКО-КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА (ДКП) НА НАШАТА ЗЕМЈА ВО СТРАНСТВО.
НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЦЕЛАТА ЗЕМЈА ИМА РЕЧИСИ 3.500 ИЗБИРАЧКИ МЕСТА НА КОИ ИЗБИРАЧИТЕ ГО ОСТВАРУВААТ СВОЕТО ГЛАСАЧКО ПРАВО. АКО ЗЕМЕМЕ ПРЕДВИД ДЕКА НА ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ НА СЕКОЕ ИЗБИРАЧКО МЕСТО СЕ АНГАЖИРААТ ПО 10 ЧЛЕНОВИ, ДОАЃАМЕ ДО ВКУПНА БРОЈКА ОД ДУРИ 35.000 ЛУЃЕ КОИ СЕ АНГАЖИРАНИ ВО ИЗБИРАЧКИТЕ ОДБОРИ НА ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ.

## 3.2. ДРУГИ ВАЖНИ ЧИНИТЕЛИ ЗА ПОДГОТОВКА И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

### 3.2.1. ОВЛАСТЕНИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ПОДНОСИТЕЛИТЕ НА ЛИСТИ НА КАНДИДАТИ

**Овластените претставници на подносителите на листи на кандидати** имаат право да бидат присутни на избирачките места и да го следат целокупниот изборен процес сè до утврдувањето и објавувањето на резултатите.

Претставникот/чката на подносителот на листата на седница на изборните органи може да предупреди за неправилности во нивната работа и има право да побара таа неправилност, со конкретен опис на настанот, да биде внесена во записникот за гласање, сумирање и утврдување резултати од избирачкото место (Образец бр. 16)

Овластените претставници на подносителите на листа имаат право да побараат и извршат целосен увид во целокупната документација на изборниот орган.

### 3.2.2. НАБЉУДУВАЧИ




Акредитираните набљудувачи ја следат законитоста на работењето на ИО и целата избирачка операција, односно дали избирачкиот процес се одвива во мирна, фер и демократска атмосфера, набљудуваат дали се почитуваат гласачките, но и воопшто човековите права и слично. Акредитациите по претходно барање ги издава ДИК. Нивното присуство може да укаже и да превенира изборни нерегуларности и непочитување на изборните закони. Набљудувачите не може директно да се мешаат во работата на изборните органи, но со своето присуство претставуваат своевиден гарант за регуларноста на изборите. Истовремено, набљудувачите имаат право да нотираат забелешки и евентуални нерегуларности, како и да ја информираат јавноста за своите видувања за текот и спроведувањето на целокупниот изборен процес.

Набљудувачите може да ги набљудуваат сите аспекти на подготовките и спроведувањето на изборите при што се должни да го почитуваат Изборниот законик, кодексот на набљудување и уредно да се легитимираат со помош на беџот доделен од страна на ДИК.

За целите на мониторинг на изборите, а на покана на државните власти, Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОБСЕ/ОДИХР) во нашата земја може да отвори набљудувачка мисија на ОБСЕ/ОДИХР за секои избори. Мисијата секогаш е предводена од главен тим распореден во Скопје, долгорочни набљудувачи распределени низ целата земја, а доколку има потреба мисијата на ОБСЕ/ОДИХР може да побара од своите земји членки дополнително да испратат и одреден број краткорочни набљудувачи.

На денот на изборите, набљудувачите на ОБСЕ/ОДИХР го следат отворањето на избирачките места, гласањето, пребројувањето на гласачките ливчиња и сумирањето на резултатите.

Мисијата објавува еден периодичен извештај во текот на својата работа. На денот по изборите, се објавува изјава за првичните наоди и заклучоци од спроведените избори, а неколку недели подоцна и конечен извештај за набљудувањето од страна на мисијата на ОБСЕ/ОДИХР.

Во рамките на целокупниот процес на спроведување на изборите, како набљудувачи се приклучуваат и набљудувачката мисија на Европската Унија (ЕУ), како и дел од претставниците на дипломатско-конзуларните претставништва во нашата земја.

**Граѓанските организации (домашни или меѓународни)** чија главна мисија е подобрување на човековите права и унапредување на демократските и изборните процеси може да учествуваат како независни набљудувачи на изборите и со тоа да ја зајакнат транспарентноста на целокупниот процес.

За време на изборната кампања, тие може да ги следат и да обезбедат увид во транспарентноста на финансирањето на кампањата, како и јавно да известуваат за приходите и расходите кои се прават за време на изборната кампања од страна на политичките партии.

Дополнително, граѓанските организации може да спроведуваат едукативни програми наменети за гласачите, во соработка со надлежните органи или меѓународните тела и да помогнат во дистрибуција на изборните информации.

„Независно од изборниот процес, самостојно, тие може да лобираат кај креаторите на политиките и администраторите на изборниот процес за поддршка на подобри изборни политики и заштита на индивидуалните права и слободи, или за поефикасна изборна регулатива, во однос на финансирањето на кампањата.“[10]

### 3.2.3. МЕДИУМИ

Домашните и странските новинари имаат право непречено да го следат изборниот процес. Сите новинари акредитирани од професионалните медиумски здруженија известуваат за изборите од избирачките места , при што секогаш со себе мора да имаат соодветна идентификација.



Должност на изборните органи е да соработуваат со медиумите бидејќи тие го претставуваат јавниот интерес, односно директно придонесуваат за навремена и кредибилна информираност на граѓаните за целокупниот изборен процес.




Државната изборна комисија (ДИК) постојано вложува во унапредување на комуникацијата со домашните и странските медиуми во текот на целиот процес на реализација на изборите, а особено на денот на нивното одржување, па сè до прогласувањето на финалните резултати од секои избори.





10 ACE Project, Electoral Knowledge Network: http://aceproject.org/ace-en/topics/ei/eie/eie03/eie03c/eie03c01?



# 4.

# ДЕНЕС СЕ ОДРЖУВААТ ИЗБОРИТЕ – ПРВ ПАТ ГЛАСАМ



## 4.1. ПРЕД ДА ГЛАСАШ, ТРЕБА ДА ГО ЗНАЕШ СЛЕДНОВО

За да можеш да го оствариш правото на глас потребно е да бидеш запишан/а во Избирачкиот список.

Во Избирачкиот список се запишуваат сите граѓани и граѓанки со наполнети 18 години заклучно со денот на гласањето (за прв и втор круг) кои имаат живеалиште на територијата на Република Северна Македонија, а кои имаат важечка лична карта или патна исправа.

Државната изборна комисија врши запишување, дополнување и бришење во Избирачкиот список по службена должност врз основа на податоците од матичните книги, евиденцијата за живеалиште и за државјанство, и според други службени евиденции, како и со непосредно проверување.

За да се осигура дека секој може да го оствари законското право на глас, ДИК пред одржувањето на секои избори или референдумско изјаснување прави јавен увид во Избирачкиот список.

**Секој граѓанин и граѓанка може да направи увид во Избирачкиот список во подрачните канцеларии на ДИК, но и преку апликацијата на веб-страницата достапна на https://izbirackispisok.gov.mk**







Доколку при увидот не си запишан/а, а имаш валидна лична карта, може да поднесеш барање за запишување до подрачното одделение на ДИК, или електронски директно до ДИК.

Исто така, со увидот во податоците од Избирачкиот список, може да го провериш бројот на избирачкото место и адресата на објектот каде што може да го оствариш своето гласачко право.

**Гласаш на избирачко место во твојата општина, определено според местото на живеење во кое било време помеѓу 7:00 и 19:00 часот[11].**

11 Според препораките и упатствата од Комисијата за спречување заразни болести, а за избегнување метеж, како и заштита на граѓаните од Ковид-19, гласањето на Парламентарните избори 2020 година беше предвидено да се одвива во периодот помеѓу 7:00 и 21:00 часот.

**Задолжително со себе мора да понесеш документ за лична идентификација: важечка лична карта или пасош.**

**ВАЖНО:**

Доколку не носиш со себе пасош или лична карта, нема да ти биде дозволено да гласаш. Ваквата забрана постои со цел да се заштити твоето или чие било гласачко право од злоупотреба или лажно претставување во туѓо име.

Доколку важноста на личната карта или пасошот се истечени, нема да ти биде овозможено да гласаш.

Други документи како на пример возачка дозвола, банкарска картичка, индекс и слично не се сметаат за документи за лична идентификација и со нив нема да може да се оствари гласачкото право.

**Секој гласач или гласачка гласа само еднаш.** Не е дозволено ниту можно да се вратиш пак во текот на денот и да гласаш уште еднаш, откако веќе си го остварил/а своето право на глас. Тоа значи:

**ЕДЕН ГЛАСАЧ = ЕДЕН ГЛАС!**
**ЕДНА ГЛАСАЧКА = ЕДЕН ГЛАС!**

## 4.2. ПРОЦЕС НА ГЛАСАЊЕ

**Процесот на гласање се одвива ИСКЛУЧИВО ПО СЛЕДНИОТ РЕДОСЛЕД:**

1. **Проверка со УВ-ламба;**
2. **Проверка на документите за лична идентификација;**
3. **Проверка и потпишување во Избирачкиот список;**
4. **Издавање гласачко ливче;**
5. **Прскање на гласачот/гласачката со УВ-спреј;**
6. **Гласање зад гласачките паравани;**
7. **Ставање на гласачките ливчиња во гласачката кутија.**

ЧЕКОР 1

### ПРОВЕРКА СО УВ-ЛАМБА

Откако ќе влезеш на избирачкото место, еден од членовите на Избирачкиот одбор ќе побара да го покажеш десниот палец (или друг прст, доколку немаш десен палец). Веднаш ја вклучува УВ-ламбата и со неа поминува преку целиот десен палец само за да се увери дека нема траги од невидливо УВ-мастило и дека го немаш остварено гласачкото право.



**ПРОЦЕСОТ НА ГЛАСАЊЕ СЕ ОДВИВА ИСКЛУЧИВО ПО СЛЕДНИОТ РЕДОСЛЕД:**

1. ПРОВЕРКА СО УВ-ЛАМБА;
2. ПРОВЕРКА НА ДОКУМЕНТИТЕ ЗА ЛИЧНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА;
3. ПРОВЕРКА И ПОТПИШУВАЊЕ ВО ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК;
4. ИЗДАВАЊЕ ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ;
5. ПРСКАЊЕ НА ГЛАСАЧОТ/ ГЛАСАЧКАТА СО УВ-СПРЕЈ;
6. ГЛАСАЊЕ ЗАД ГЛАСАЧКИТЕ ПАРАВАНИ;
7. СТАВАЊЕ НА ГЛАСАЧКИТЕ ЛИВЧИЊА ВО ГЛАСАЧКАТА КУТИЈА.




6
5
7
4
3
2

ЧЕКОР

2

## ПРОВЕРКА НА ДОКУМЕНТИТЕ ЗА ЛИЧНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

Ако со претходниот чекор се потврди дека на твојот прст нема траги од УВ-мастило, ИО ќе побара личен документ со цел да го утврди твојот личен идентитет.

Како што претходно беше нагласено, твојот личен идентитет може да го докажеш само со еден од следниве два документи: важечка лична карта или патна исправа (пасош).

Документот за лична идентификација останува кај избирачкиот одбор сè додека не го завршиш целиот процес на гласање, по што документот ќе ти биде вратен.




ЧЕКОР

3

## ПРОВЕРКА И ПОТПИШУВАЊЕ ВО ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК

По утврдувањето на твојот идентитет, ИО проверува дали твоите податоци се наоѓаат во Избирачкиот список.

Кога ќе се утврди дека твоите податоци ги има во Избирачкиот список, ИО:

- Ќе го заокружи редниот број пред твоето име во Избирачкиот список.
- Те замолува да се потпишеш во списокот во графата веднаш до твоето име.



**Напомена:**
**Избирачкиот список содржи и фотографии од гласачите.**
**Твојата лична фотографија во списокот ќе биде во истиот формат како на личната карта или на пасошот.**

ЧЕКОР

4

## ИЗДАВАЊЕ ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ

**Откако ќе се потпишеш во Избирачкиот список, ИО ќе го преземе следното:**

- од кочанот со гласачки ливчиња ќе откине едно гласачко ливче
- на тоа гласачко ливче ќе му стави печат на предната страна на местото обележано за печат
- ќе ти го подаде гласачкото ливче
- детално ќе ти ја објасни техниката на гласање



ЧЕКОР

5

## ПРСКАЊЕ НА ГЛАСАЧОТ/ГЛАСАЧКАТА СО УВ-СПРЕЈ

Откако ќе ти биде подадено гласачкото ливче, на твојот десен палец ќе се стави спреј од УВ- мастило.

Ова е важен чекор затоа што со него се осигурува дека си гласал само еднаш и дополнително се оневозможува каква било злоупотреба на твоето или на чие било гласачко право.



ЧЕКОР 6

## ГЛАСАЊЕ ЗАД ГЛАСАЧКИТЕ ПАРАВАНИ

Се упатуваш кон гласачките паравани за да гласаш.

Се гласа зад параванот за гласање, **со заокружување на редниот број пред подносителот на листата на кандидати за која што сакаш да гласаш и тоа исклучиво со хемиско пенкало во сина боја;**

Потоа, превиткај го гласачкото ливче така што никој нема да може да види за кого си гласал/а.

**НАПОМЕНА: Доколку згрешиш, нема да добиеш друго гласачко ливче.**

**ЗАПОМНИ:**
**СЕКОЈ ГЛАСАЧ ИЛИ ГЛАСАЧКА ГЛАСА САМОСТОЈНО ЗАД ПАРАВАНОТ!**
**ЕДЕН ГЛАСАЧ = ЕДЕН ГЛАС! ЕДНА ГЛАСАЧКА = ЕДЕН ГЛАС!**
**НАРУШУВАЊЕТО НА ТАЈНОСТА НА ГЛАСАЊЕТО Е КРИВИЧНО ДЕЛО!**





**Не е дозволено фотографирање на гласачкото ливче или на избирачкото место (секое лице коешто го фотографира гласачкото ливче ќе биде казнето со парична казна во висина од 450 до 1.500 евра[12]).**

**7 ЧЕКОР**

## СТАВАЊЕ НА ГЛАСАЧКИТЕ ЛИВЧИЊА ВО ГЛАСАЧКАТА КУТИЈА

Упати се кон гласачката кутија и пушти го ливчето во кутијата.

**Избирачкиот одбор не смее тебе или кому било да дозволи да го напушти местото за гласање без да го стави гласачкото ливче во гласачката кутија. Тоа значи дека гласачкото ливче во никој случај не смее да се изнесе надвор од избирачкото место.**

На крај од гласањето го земаш документот за лична идентификација од членовите на избирачкиот одбор и го напушташ гласачкото место.



12 Изборен законик, член 190, „Службен весник на РСМ“ бр. 42/2020

**ИЗБИРАЧКИОТ ОДБОР ИМА ПРАВО ДА НЕ ТИ ДОЗВОЛИ ДА ГЛАСАШ ДОКОЛКУ:**

- твоето име не се наоѓа во избирачкиот список;
- не поседуваш соодветен документ за идентификација (важечка лична карта или пасош);
- веќе си гласал/а, што значи дека на десниот палец веќе имаш траги од обележување со УВ-спреј;
- одбиеш да се потпишеш во Избирачкиот список;
- не дозволуваш да бидеш обележан/а со УВ-спреј за обележување гласач(к)и.



## ВАЖНО:

Доколку сметаш дека е повредено твоето избирачко право, имаш можност да поднесеш приговор за заштита на твоето избирачко право. Во таков случај, избирачкиот одбор е должен да ти даде да пополниш образец и да те упати во општинската изборна комисија. Општинската изборна комисија е должна да ти издаде формулар на кој ќе го поднесеш приговорот или да те упати и да ти помогне да го пополниш електронскиот формулар на приговорот кој е достапен на: www.prigovori.sec.mk.



# 5.

# ПРАВО НА ГЛАС И ЗАШТИТА

**Правото на глас е загарантирано право на секој граѓанин.** Ова право кое произлегува од Уставот како највисок правен акт, е заштитено со Изборниот законик и со меѓународното право.

**Твоето право на глас е само твое!**

Никој не смее да ти го одземе, ниту некој може со него да тргува или да те уценува и да ти се заканува. Никогаш не заборавај дека гласањето е тајно, односно никој не може да дознае за кого гласаш.

Доколку некој се обиде да ја повреди тајноста на твоето или на чие било гласање, предвидена е и казна затвор за тоа лице, што значи дека тоа претставува сериозно кривично дело кое најстрого се казнува.

Од овие причини, на гласачкото ливче кое се дава на гласачот/ката нема сериски број. Сите гласачки ливчиња се исти.

## ЗАПОМНИ

**Постапката за заштита на твоето лично избирачко право е итна.**

Доколку сметаш дека на кој било начин ти е повредено или нарушено правото на глас во текот на гласање или ти е оневозможено да гласаш имаш право да поднесеш приговор до општинската изборна комисија (ОИК). Во таков случај, избирачкиот одбор е должен да ти даде да пополниш образец во два примерока во кој ќе ги образложиш причините. Еден примерок од приговорот задолжително ќе ти биде даден тебе.

Општинската изборна комисија е должна на секој гласач кој ќе се обрати во ОИК со намера да поднесе приговор да му издаде формулар на кој ќе го поднесе приговорот или да го упати и да му помогне да го пополни електронскиот формулар на приговорот на **www.prigovori.sec.mk**

Општинската изборна комисија е должна во рок од 4 часа по приемот на приговорот да донесе одлука. Доколку твојот приговор биде одбиен, имаш право на тужба до Управниот суд. Одлуката која ќе ја донесе Управниот суд е конечна.

Сите пристигнати приговори се јавно достапни, истите може да ги прегледаш и да го видиш нивниот статус, секако без увид во приватните податоци на подносителот.

**Дополнително:**

Изборните нерегуларности може да се пријават и до Канцеларијата на народниот правобранител, до официјалните набљудувачи, како и до граѓанските асоцијации. Тие, заедно со тебе, понатаму ќе ја следат постапката за поднесување приговори јасно дефинирана во Изборниот законик, а детално опишана во претходниот дел.

Прекршувањето на избирачкото право може да се пријави и директно преку поднесување пријава до Полицијата, односно до Министерството за внатрешни работи (МВР).

**Не премолчувај! Спротивстави се на секој кој се обидува на кој било начин да го загрози твоето или чие било право на глас!**

# 6.

# ИНКЛУЗИВНОСТ НА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС



## 6.1. ШТО ЗНАЧИ ИНКЛУЗИЈА ИЛИ ИНКЛУЗИВНОСТ?

Инклузија значи вклученост. Но, за да разбереме точно што значи поимот вклученост во општествените процеси, треба да знаеме што е еднаквост и што е дискриминација.

Според домашното законодавство, а и според меѓународните правни акти во нашата земја владее начелото на еднаквост и дискриминацијата е забранета.

„Еднаквост е начело според кое сите луѓе се рамноправни, односно изедначени во уживањето и остварувањето на сите права и слободи."[13]

Лице или група на лица, мажи и/или жени, се дискриминирани кога поради некоја посебна карактеристика која ја поседуваат им е ограничено одредено право или слобода, а кои законски им се загарантирани на сите граѓани и граѓанки. Дискриминацијата резултира со тоа што тоа лице или група не е во можност да ги ужива или оствари сите права и слободи подеднакво како и сите други.

Посебните карактеристики кои се причина за дискриминацијата и се нарекуваат дискриминаторска основа се: расата, бојата на кожата, потеклото, националната или етничката припадност, полот, родот, сексуалната ориентација, родовиот идентитет, припадноста на маргинализирана група, јазикот, државјанството, социјалното потекло, образованието, религијата, верското, политичкото или друго уверување, попреченоста, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба, личното својство и општествениот статус итн.

Оттаму, инклузивен изборен процес или вклученост во изборниот процес значи дека сите полнолетни граѓани и граѓанки имаат подеднакво право да учествуваат во изборните процеси, без оглед на нивниот пол, род, национална или етничка припадност, попреченост, боја на кожа, потекло, образование, социјален статус, верско или политичко уверување итн.

Лица на кои во нашата земја не им е дозволено да гласаат се лицата на кои им е одземена деловната способност. Ова претставува директна дискриминација по основ на попреченост според Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Обединетите нации и затоа препораките на набљудувачките мисии на ОБСЕ/ОДИХР во последните неколку изборни циклуси се во насока на промена на оваа одредба во законот.

13 Закон за спречување и заштита од дискриминација, член 4, „Службен весник на РСМ", бр. 258/2020.

Правото и можноста на сите граѓани и граѓанки да учествуваат на изборите се клучни за демократијата. Но, се случува, иако правото на граѓаните и граѓанките постои и е загарантирано со законите, во пракса да не постојат можности сите да го искористат тоа свое право.

Затоа државите, како и нивните институции имаат обврска да ги преземат сите соодветни мерки за елиминирање на дискриминацијата. Тоа вклучува **употреба на посебни привремени мерки, често пати наречени и афирмативни или поттикнувачки мерки кои имаат за цел да се отстрани нееднаквото уживање на човековите права и слободи** сè додека не се постигне фактичка еднаквост на лице или група, односно да го поттикнат и овозможат еднаквото учество во пракса. Што значи ова во пракса ќе објасниме преку примерите на лицата со попреченост и жените, иако има и други групи на кои исто така им се потребни дополнителни поттикнувачки мерки.

## 6.2. ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Лицата со попреченост се соочуваат со потешкотии при остварување на своите изборни права и кога се јавуваат во улога на гласачи/ки, и во улога на кандидати/ки, и во улога на вработени во изборната администрација и во улога на набљудувачи/ки на изборите.

На пример, само една од многуте пречки е непристапноста на избирачките места. Така, доколку до објектот за гласање треба да се стигне по скали, а нема обезбедено рампа или лифт, лице кое користи количка или друго помагало за движење не е во можност да дојде до избирачкото место и да го оствари своето право на глас, ниту пак ќе биде во можност да учествува како набљудувач/набљудувачка или член/членка на ИО.

Слабовидните и слепите лица не се во можност да го прочитаат гласачкото ливче и да го направат својот избор. Затоа за нив е потребно да се изработат специјални шаблони со Браево писмо за да може самостојно да гласаат, доколку го познаваат Браевото писмо. Доколку тоа не е случај, изборните органи се должни да им обезбедат помош при гласањето на овие лица.

Како на млад човек, може да ти се случи, во текот на гласањето член од ИО да те замоли да му помогнеш на лице со попреченост да го оствари своето право. Тоа е дозволено со закон и следејќи ги упатствата што ќе ти ги даде членот на ИО, секогаш треба да пружиш помош. Притоа, не треба да заборавиш, дека ти не го правиш изборот наместо лицето со попреченост, туку само му помагаш тој/таа технички да ја заврши операцијата на гласање.

Во текот на предизборните кампањи, лицата со различни сензорни попречености (слепи, слабовидни, глуви и лица со пречки во слухот) се соочуваат и со недостаток на информации во соодветен, ним достапен формат. Така тие остануваат ускратени за многу битни информации, што ги оневозможува да се јават и во улога на кандидати/ки на одредени политички опции, или пак да земат активно учество во кој било дел од изборниот процес. Досега, во нашата земја, ниту едно лице со попреченост не било избрано како пратеник/чка во Собранието, градоначалник/чка, ниту пак било назначено за министер/ка во Владата.

Младите лица со попреченост се среќаваат со сите овие проблеми. Иако во Република Северна Македонија не постои точен регистар на лицата со попреченост, имајќи предвид дека во светот 15 % од населението има некаков вид на попреченост[14] и сметајќи дека околу 15 % од вкупното население во нашата земја е на возраст од 18 до 29, лесно се пресметува дека околу 40.000 млади со право на глас во наша- та земја имаат некаков вид на попреченост[15].

Младинското учество и активизам, покрај другото, подразбираат и активности за подобрување на можностите за учество на младите лица со попреченост во изборниот процес.



**Сите имаат еднакви права по закон-рамноправност**

**Но сите немаат еднакви можности, затоа се потребни поттикнувачки мерки - тогаш се постигнува правичност**

14 Извор: Светска здравствена организација (СЗО).

15 Неофицијална пресметка според јавно достапните податоци од попис на населението спроведен во 2002 година од страна на Државниот завод за статистика.

## 6.3. УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ

Во Северна Македонија има околу 155.000 – 170.000 млади жени, на возраст меѓу 18 - 29[16] години кои може активно да учествуваат во изборниот процес, да се кандидираат, да бидат избирани, да гласаат и да учествуваат во изборната администрација. Но, иако законите гарантираат еднаков третман на жените и мажите, во пракса се покажува значително помало учество на жените во политичкиот живот. Ова не е случај само кај нас. Жените насекаде низ светот се соочуваат со политички, социјални, економски, законски и културолошки пречки или одвраќања од нивното учество во изборните процеси[17].

Ова се должи на постоечките стереотипи и предрасуди, на патријархалните норми, но и на системските пречки кои постојат затоа што многу пати проблемот останува невидлив. Често се случува некои процеси да се сметаат за потполно неутрални и да не се забележи дека тие поинаку влијаат врз мажите отколку врз жените. Оттаму е многу важно да постои поделена статистика и по пол, и по возраст за сите процеси, па така и за изборите. Имајќи вакви податоци, можно е да се планираат поттикнувачки активности кои ќе ја подобрат состојбата. Како една од најпопуларните поттикнувачки мерки е воведувањето на квотите. Квотите нужно не се однесуваат само на жените, туку на помалку застапениот пол, затоа што може да се случи во одредени околности мажите да бидат помалку застапени. Затоа, кога се наведува за кандидатите  и кандидатките кои учествуваат на изборите, **во Изборниот законик се дефинира дека 40 % од кандидат(к)ите мора да му припаѓаат на помалку застапениот пол**. Во нашиот случај тоа најчесто се жените.

За да се поттикне еднаквоста и во изборните органи, во Изборниот законик се дефинира дека во составот на изборните органи секој пол ќе биде застапен со најмалку 30 %.

Се разбира, дури и ваквите поттикнувачки или афирмативни мерки не ја гарантираат еднаквоста, и затоа има уште многу простор за подобрување.

Некои жени се соочуваат со дополнителни пречки и дискриминација поради нивната вера, етничка група, јазик, попреченост, или пак, поради тоа што се сиромашни, од рурални средини,  со ниско ниво на образование, немаат лични документи или пак затоа што се млади. Тогаш веќе станува збор за таканаречена повеќекратна или интерсекциска дискриминација[18].

16 Според Пописот од 2002 година, Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PDF-Godisnik2013/03-Naselenie-Population.pdf

17 Прирачник за најдобри практики на ИФЕС, стр. 8 - 9.

18 Интерсекциска дискриминација е секоја дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани. Види: Закон за спречување и заштита од дискриминација, член 4, Службен весник на РСМ, бр. 258/2020

Забележано е дека семејното гласање најчесто ги засега жените, особено во руралните области. Тоа значи дека може да се случи особено во случајот со младите жени, друг повозрасен член на семејството, татко, брат, сопруг да ѝ влијае на одлуката за кого ќе го даде својот глас.

**ТРЕБА ДА ЗНАЕШ ДЕКА ОДЛУКАТА ЗА КОГО ЌЕ ГО ДАДЕШ СВОЈОТ ГЛАС, ИМАШ ПРАВО И ТРЕБА ДА ЈА ДОНЕСЕШ САМ/А.**

Во случајот кога жените се јавуваат како кандидатки, во текот на политичките кампањи се забележува дека говорот на омраза е поприсутен кон жените отколку кон мажите, и е уште поизразен ако се работи за млада жена. Често и самите сме сведоци на навредливи или сексистички коментари за млади политичарки или активистки, особено на социјалните мрежи и медиуми.

## ИНКЛУЗИВНИ ИЗБОРИ СЕ ЕДЕН ОД ОСНОВНИТЕ ПРИНЦИПИ НА ДЕМОКРАТСКИОТ ИЗБОРЕН ПРОЦЕС

Младите луѓе, а особено младите жени не смеат да бидат изложени на говор на омраза, потценување, навредување и други облици на вознемирување при каков било политички ангажман, активизам или каков било друг облик на учество во изборниот процес.

ДИК е должна и постојано прави напори и воведува мерки за да ги подобри условите и да го олесни учеството на жените, на лицата со попреченост, на помалубројните заедници и на сите останати групи на кои евентуално би можело да им биде попречено учеството во изборниот процес.

# 7.

# БИДИ ПРОМЕНАТА КОЈА САКАШ ДА ЈА ВИДИШ



Помина повеќе од цел век од оваа славна изрека на Махатма Ганди, еден од најголемите лидери на 20 век и човек кој по ненасилен пат успеа да ја ослободи Индија од колонијалното ропство.

Но, што всушност изјавува Ганди во 1913 година:

> „Ние сме огледало на целиот свет... Ако се промениме себе си, ќе го промениме и светот.“

Нека оваа порака биде поттик и мотив за секој од нас, особено за младите луѓе. Тие не се само иднината, туку пред сè сегашноста на нашата земја, но и на целиот свет. Вклученоста на младите луѓе, нивните иновативни идеи и креативни решенија придонесуваат кон позитивните промени во целокупните процеси во општеството во кое живееме. Секој за себе знае и има право да одлучи што е најдобро. Токму изборите се врвниот демократски чин на кој секој од нас одлучува и ги поставува темелите на демократијата.

Во какви образовни институции ќе учат учениците и студентите, дали ќе имаме безбедни и заштитени работни места, каква ќе биде положбата на младите во општеството, како да се намали младинската невработеност, што е потребно за да се подобри грижата за менталното здравје на младите се само дел од изборот на решенија кои започнуваме да ги правиме на денот на изборите.

Само со ваков пристап може да се изградат партнерства на институциите со младите луѓе. Истовремено, изборните ветувања на кандидатите и кандидатките треба да бидат остварливи и да ги вклучат очекувањата и потребите на младите. Најдобриот начин да се постигне ова е доколку се мотивираат и поттикнат младите да се вклучат во општествените процеси и преку конвенционалните начини, односно преку гласање, директно да влијаат на општествено-политичките текови.

Државната изборна комисија е цврст партнер на младите во сите изборни и референдумски процеси.

**КОНТАКТИРАЈ СО ДИК, ПРЕДЛОЖИ ИДЕЈА ИЛИ ПРОЕКТ, ВКЛУЧИ СЕ!**
**БИДИ ПРОМЕНАТА КОЈА САКАШ ДА ЈА ВИДИШ!**

**Улица: „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје 1000**
**Веб-страница: www.sec.mk**
**Фејсбук-страница: www.facebook.com/drzavna.izborna.komisija**
**Е-пошта: izbori@sec.mk, Izbirackispisok@sec.mk**
**Телефон: +389 2 3244744**
**Факс: +389 2 3244745**





# 8.

# ПРАШАЊА И ДИЛЕМИ КОИ МЛАДИТЕ ЧЕСТО ГИ УПАТУВААТ ДО ДИК

прашање

1

## И ОНАКА ДОСЕГА НЕМАВ ПРАВО НА ГЛАС, ШТО ЌЕ СЕ СМЕНИ СЕГА?

Твојот осумнаесетти роденден не е обичен како и сите претходни. На тој ден стануваш полнолетна личност, а тоа значи дека добиваш право сосема сам/сама да донесуваш одлуки за својот живот. Но ниту едно право не доаѓа без одговорност. Затоа со полнолетството покрај можноста да ги уживаш во потполност своите права загарантирани со закон, се стекнуваш и со обврската за лична одговорност. Тоа значи дека си одговорен/одговорна за своите одлуки и постапки и сам/сама ги сносиш и последиците од нив. На денот кога ќе наполниш 18 години добиваш и право да гласаш.

Тоа е дефинирано во Изборниот законик, кој правно го регулира процесот на спроведување на изборите во нашата земја. Таму се вели: право да избира има секој државјанин на Република Северна Македонија, кој наполнил 18 години, има деловна способност и е со постојано живеалиште во изборната единица, општината, односно Градот Скопје, каде што се врши изборот".

Со други зборови, на денот кога ќе наполниш 18 години добиваш право да одлучиш кој ќе биде градоначалник или градоначалничка и кои ќе бидат советниците и советничките кои ќе те застапуваат во твојата општина или во Градот Скопје. Имаш право да одлучиш кои пратеници и пратенички ќе ги застапуваат твоите права и интереси во Собранието, а токму пратениците и пратеничките се тие кои понатаму ја избираат Владата. Исто така, добиваш право да гласаш и на претседателски избори и да одлучиш кој ќе биде претседател или претседателка на Републиката во следните пет години, колку што трае мандатот на претседателот/претседателката на државата. Со полнолетството го стекнуваш правото да бидеш рамноправна личност и во одлучувањето по различни референдумски прашања на национално или на локално ниво.

Правото да гласаш и да одлучуваш не е само законска можност. Тоа е најдобрата можност за тебе како личност рамноправна со сите други граѓани во државата, активно да учествуваш во креирањето на општеството во кое живееш. Со тоа, всушност влијаеш на креирањето на сопствениот живот, односно вршиш влијание на одлуките кои властите ги носат во твое име за сите сегменти на животот. На пример за тоа какво образование, здравство, култура, спорт или патна инфраструктура ќе ти бидат достапни, во каква животна средина ќе живееш, дали ќе ги уживаш правата за заштита од дискриминација. Колкави и какви можности ќе бидат достапни за секој млад човек зависи токму од твојата одлука и гласот кој го даваш на парламентарните, претседателските и локалните избори.

прашање

2

## БАШ ЌЕ БИДЕ КУЛ ДА НАПРАВАМ СЕЛФИ СО МОЈОТ МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН ДОДЕКА ГЛАСАМ? ЌЕ БИДЕ ВИСТИНСКИ ХИТ НА ИНСТАГРАМ...

Социјалните медиуми се многу популарни не само помеѓу младите, туку кај сите возрасни генерации. Речиси секој од нас денес познава голем број луѓе, кои се активни на интернет, а имаат свој фејсбук-профил, инстаграм-профил или пак, комуницираат преку Вибер или Ватсап.

Но, важно е да знаеш дека додека гласаш, забрането е фотографирање на гласачкото ливче со мобилен телефон или со апарат за фотографирање.

Оваа забрана е воведена со единствена цел да се овозможи тајност во гласањето, да се елиминираат какви било можности за злоупотреба на гласачкиот процес. Со една реченица, ова има за цел да му овозможи на секој од нас да се чувствува сигурно, заштитено, а целокупниот процес на избори да биде демократски, фер и слободен.

Исто така, најстрого се забранува и носење на какво било оружје на избирачките места, како и гласање во име на друг, како и семејно или кој било друг облик на групно гласање.

Ако ти или кој било друг гласач не ги почитува овие забрани може да биде отстранет од местото за гласање.

прашање

3

## ОД КАДЕ ДА ЗНАМ ДАЛИ МЕ ИМА НА ГЛАСАЧКИОТ СПИСОК? КОЈ ДА МИ КАЖЕ?

Секој граѓанин кој има наполнето 18 години, има деловна способност и валиден личен документ за идентификација (лична карта или пасош) е запишан во Избирачкиот список.

Проверката за тоа дали те има на Избирачкиот список и на кое избирачко место можеш да гласаш може да ја оствариш на: www.izbirackispisok.gov.mk

прашање

4

## ЗОШТО НЕ МОЖАМ СО МОЈОТ ДРУГАР ИЛИ ДРУГАРКА ДА ГЛАСАМ НА ИСТОТО ИЗБИРАЧКО МЕСТО? НЕ ЖИВЕЕМЕ ВО ИСТО МААЛО, НО СМЕ НЕРАЗДЕЛНИ НА УЧИЛИШТЕ.

Изборниот законик дефинира дека „Избирачкиот список е јавна исправа и се води за целата територија на Републиката. Врз основа на Избирачкиот список се спроведуваат изборите и референдумот на државно и локално ниво“.

За подобра и полесна организација на процесот на гласање, гласањето се организира на 3.480 избирачки места во земјата и до 52 места за гласање во странство. Токму добриот менаџмент или организација е важен во секоја сфера, вклучително и за време на спроведувањето на изборите од страна на Државната изборна комисија (ДИК).

Секој гласач се впишува во избирачкиот список да гласа на избирачкото место кое е најблиску до неговото/нејзиното место на живеење наведено во личната карта.

прашање

5

## ОД КАДЕ МОИТЕ ПОДАТОЦИ СЕ НАШЛЕ НА ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК?

Во изминатите три децении, изборниот процес во нашата земја постојано се подобрува. Тоа е и една од главните цели на Државната изборна комисија.

За успешна реализација на целиот гласачки процес, Министерството за внатрешни работи до ДИК, меѓу другото доставува податоци за граѓаните со наполнети 18 години на денот на изборите кои имаат важечка лична карта или патна исправа. МВР, исто така, четири пати годишно до ДИК доставува извештај за новоиздадените лични карти и патни исправи, основот за нивното издавање, а систематизирани по име, презиме и општини.

Токму податоците за секој гласач стануваат составен дел од Избирачкиот список. Овие податоци не се јавни, а се користат единствено за остварување на гласачкото право на денот на изборите или на референдумското изјаснување.

прашање

6

## КАКО ДА ОДЛУЧАМ ЗА КОГО ДА ГО ДАДАМ МОЈОТ ГЛАС?

Твојот глас е само твое право. Никој освен тебе нема право да одлучи или, пак, на кој било друг начин да те натера да гласаш или не за одреден кандидат/кандидатка или политичка партија.

Секој од нас лично одлучува за кого ќе гласа и дали ќе го оствари своето гласачко право.

Секогаш биди доброинформирана личност за програмите кои секој кандидат/кандидатка ги нуди на претстојните избори, споделувај мислење со секого во кого имаш доверба, но запамети дека одлуката ја носиш ти и никој друг.

прашање

7

## ДАЛИ ДА ГИ ПОСЛУШАМ МОИТЕ РОДИТЕЛИ ЗА КОГО ДА ГЛАСАМ?

Никој нема право да изврши влијание врз тебе за кого да го дадеш твојот глас. Тоа важи и за твоите родители. Избирачкото право е лична, индивидуална одлука која самостојно ја носиме.

Зад параванот за гласање се наоѓаш само ти и гласачкото ливче.

прашање

# 8

## ДОБРО, НО ЗОШТО ДА НЕ ГИ ПОСЛУШАМ ДРУГАРИТЕ И ДРУГАРКИТЕ СО КОИ СЕКОЈДНЕВНО СЕ ДРУЖИМЕ?

Истото се однесува и за нашите блиски другари или пријатели. Никогаш не заборавај дека твојот глас е само твое право.

Одлуката која ја носиме е лична и одлучувачка за тоа во какво општество ќе живееме, какво образование, здравство или, пак, какви можности за младите ќе имаме во иднина.

прашање

# 9

## ЗОШТО КОГА ЌЕ ДОЈДАМ НА ГЛАСАЊЕ, НЕ МИ ДАДЕТЕ ПРОГРАМА ОД КАНДИДАТИТЕ И КАНДИДАТКИТЕ ЗА ДА ГИ ПРОЧИТАМ И ОДЛУЧАМ ЗА КОГО ЌЕ ГЛАСАМ?

Политичките партии, кандидатите и кандидатките, според законот, имаат можност да водат предизборна кампања. Во тој период, тие ги користат сите форми на комуникација со своите гласачи и гласачки, како што се директната и непосредна комуникација, претставувањето преку медиумите или, пак, двонасочната комуникација и промоција преку социјалните медиуми.

Но, ден пред одржувањето на изборите, како и за време на гласачкиот процес на целата територија на државата настапува т.н. предизборен молк. Тоа значи дека партиите, кандидатите и кандидатките, нивните поддржувачи и кој било друг нема право да врши каква било промотивна активност, вклучително и делење пропаганден материјал, агитирање и убедување за да се гласа или не за одредени кандидати.

Дополнително, Изборниот законик јасно забранува пропаганда и предвидува отстранување на сите пропагандни материјали (постери, летоци и сл.) од просторијата каде што е сместено местото за гласање, како и надвор во блиската околина во радиус од 100 метри од избирачкото место. Избирачкиот одбор на секое место за гласање е должен да се осигури дека никој нема оставено пропаганден материјал или забелешки со името на некој од подносителите на листите на кандидати и кандидатки. Доколку има такви, уште пред почетокот на процесот на гласање истите веднаш ги отстранува.

прашање

## 10 КАКО ДА БИДЕМЕ СИГУРНИ ДЕКА НИКОЈ НЕМА ДА ДОЗНАЕ КОЈ ЗА КОГО ГЛАСА?

Правото на тајност на гласот се гарантира со Уставот. Изборните органи се тие кои обезбедуваат секој граѓанин да се изјасни самостојно и тајно, со еднакво избирачко право. Токму органите за спроведување на изборите се одговорни и ги препознаваат и спречуваат евентуалните обиди да се наруши тајноста на гласањето.

*СЕКОЈ/А ГЛАСАЧ/КА ГЛАСА САМОСТОЈНО ЗАД ПАРАВАНОТ!*

*ЕДЕН ГЛАСАЧ/ЕДНА ГЛАСАЧКА = ЕДЕН ГЛАС!*

Нарушувањето на тајноста на гласањето е кривично дело!

Изборниот законик ги предвидува нарушувањето на тајноста на гласањето, како и гласањето за друго лице, како основи за поништување на гласањето на избирачкото место. Токму затоа, сите гласачки ливчиња се исти, односно ниту едно гласачко ливче кое се дава на гласачот/ката не содржи сериски број.

прашање

## 11 ДОКОЛКУ НЕ ГЛАСАМ, ДАЛИ НЕКОЈ ДРУГ МОЖЕ ДА ГЛАСА НАМЕСТО МЕНЕ?

Никој не може да гласа за друго лице. Тоа е најстрого забрането во Изборниот законик.

Носењето на одлука за начинот на кој секој од нас ќе одлучи како да го оствари загарантираното право на глас е лично!

Важно е да се напомене и дека имаш право да одлучиш и да не го искористиш твоето право на глас и да не гласаш. Но во тој случај треба да знаеш дека одлуката за избор ќе ја донесат граѓаните и граѓанките кои решиле да гласаат на изборите.

прашање

**12**

## ДАЛИ ДОКОЛКУ ГЛАСАМ ЌЕ ИМАМ ПОВЕЌЕ ШАНСИ ДА СЕ ВРАБОТАМ?

Никој нема право да тргува со своето избирачко право. Тоа е лично право кое секој од нас може да го искористи на денот на одржувањето на изборите.

Дополнително секој обид за поткуп од страна на кандидати или кандидатки, претставници и претставнички на политички партии или кои било други лица се смета за сериозен престап и тешко кривично дело.

Изборниот законик јасно дефинира дека „давањето или ветувањето подарок, или друга корист за себе или за друг, на избирач при избор или гласање на референдум, за да гласа или да не гласа, или да гласа за определен кандидат или определена одлука, се смета за поткуп при избори и гласање“. За ваквото прекршување за прекршителите се предвидени сериозни затворски санкции.

Понатаму, законот оди и чекор понатаму и предвидува и поништување на местата (мандатите) што ги освоиле кандидатите/кандидатките доколку се утврди дека како средство за добивање гласови користеле поткуп и средства од извршени казниви дела.

прашање

**13**

## ЗОШТО ДА ИЗЛЕГУВАМ И ДА ОДАМ ДО ИЗБИРАЧКОТО МЕСТО КОГА ТОА МОЖЕ ДА ГО НАПРАВАМ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ?

Во овој момент, во нашата земја не постои начин за гласање преку пошта, електронска пошта или каков било друг облик на гласање преку интернет.

Изборниот законик предвидува секој граѓанин или граѓанка кој/а сака да го оствари своето право на глас, да може тоа да го стори на денот на изборите во периодот помеѓу 7 и 19 часот, на избирачкото место на кое е запишан/а во Избирачкиот список.

прашање

14

## ИМАМ ПРИЈАТЕЛ КОЈ Е СЛЕПО ЛИЦЕ, А НА ОВИЕ ИЗБОРИ ПОЛНИ 18 ГОДИНИ И МОЖЕ ДА ГЛАСА. КАКО ТОЈ ДА ЌЕ ОСТВАРИ СВОЕТО ПРАВО?

Државната изборна комисија посебно внимание посветува на вклучувањето на секој граѓанин со право на глас во изборниот процес.

Основна цел на сите органи за спроведување на изборите е и треба да биде еднаква можност за гласање на секој гласач!

Токму затоа гласањето на избирачи на кои им е потребна помош претставува посебен и значаен дел од Изборниот законик.

Постојат неколку можности со кои овие лица може непречено да го остварат своето избирачко право. Првата опција е доколку го познаваат Браевото писмо да ги искористат специјалните шаблони за да може самостојно да гласаат.

Втора опција: во Изборниот законик е пропишано дека „избирачот кој е слеп, има физички недостаток или е неписмен и поради тоа не може да гласа на начин утврден со Законикот, има право со себе да донесе лице кое ќе му помогне при гласањето“.

За да се заштити целокупниот изборен процес од евентуални злоупотреби, предвидено е едно исто лице да може да даде помош само на двајца избирачи кои не се во состојба да гласаат.

Третата можност која е предвидена со цел инклузивен гласачки процес и овозможување на секој наш граѓанин или граѓанка да може да го оствари своето гласачко право, а не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице) е евидентирање кај општинската изборна комисија и гласање пред денот на одржување на изборите.

прашање

15

## ЧЕСТО ГЛЕДАМ ИЛИ ЧИТАМ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЛИЦА КОИ ГЛАСААТ НА ДЕН КОЈ Е РАЗЛИЧЕН ОД УТВРДЕНИОТ ДЕН ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ. КАКО Е МОЖНО ТОА?

Битно е уште еднаш да потенцираме дека од непроценлива важност е секој да може да го оствари своето гласачко право. Всушност, гласањето е основата или столбот во секоја демократска држава. Само на овој начин можеме да говориме за власт која е избрана на фер, демократски и слободни избори.

Токму затоа, Изборниот законик предвидува можност за гласање ден пред одржувањето на изборите. Оваа можност е јасно и прецизно одредена и се однесува на гласањето на немоќни или болни лица, како и на гласањето на лицата кои се на издржување казна затвор, во притвор или се внатрешно раселени лица и лица во старски домови.

Немоќните или болни лица гласаат во своите домови или места/центри каде се сместени. Лицата кои издржуваат казна затвор или се во притвор гласаат во казненопоправните установи, додека, пак, внатрешно раселените лица своето право на глас го остваруваат исто така ден претходно, но во центрите за внатрешно раселени лица, како и старите лица сместени во домови за грижа за стари лица..

прашање

16

## ЗОШТО НЕМА ДОВОЛНО МЛАДИ НА ГЛАСАЧКИТЕ ЛИСТИ?

Младите се значаен дел од секое општество. Тие се подеднакво важни како и сите други возрасни групи на луѓе. Тоа подразбира дека младите треба да бидат еднакво застапени на избирачките листи на кандидати и кандидатки кои се самокандидирале или, пак, се предложени од страна на политичките партии и коалиции.

Но, Изборниот законик, ниту кој било друг правен документ, не ѝ дозволува на Државната изборна комисија или на другите органи за спроведување на изборите да се мешаат во одлуките на подносителите за составот на кандидатските листи и за персоналните решенија.

Органите за спроведување на изборите се грижат за целосно спроведување на процесот на гласање како демократски, фер и транспарентен чин, каде секому му е овозможено слободно да го искористи своето право на глас.

прашање

17

## ЗОШТО ТРЕБА ДА ПОМИНАТ НЕКОЛКУ ДЕНОВИ ДОДЕКА ДА СЕ ПРОГЛАСАТ ПОБЕДНИЦИТЕ? ТОЛКУ ЛИ Е ТЕШКО ДА СЕ ПРЕБРОЈАТ ГЛАСОВИТЕ?

Државната изборна комисија е највисокиот орган надлежен за спроведување на сите избори и референдумски изјаснувања во нашата земја. Оттука, ДИК особено внимава на отвореноста и транспарентноста во својата работа, но истовремено се грижи да испорачува само точни, проверени и веродостојни информации за текот и за резултатите од изборите и референдумите.

Дополнително, првичните неофицијални резултати се ажурираат од минута во минута и се транспарентно објавени и јавно достапни за секого преку официјалната веб-страница на ДИК: www.rezultati.sec.mk.

Причината зошто ДИК ги објавува официјалните резултати после одредено време е затоа што мора да ја провери точната содржина на сите записници за сумирање и утврдување на резултатите од избирачките места, како и записниците за сумирање и утврдување на резултатите од општинските изборни комисии.

Официјалните резултати ДИК ги соопштува откако ќе завршат сите постапки за приговори. Само на ваков начин се овозможува и гарантира изборен процес кој е регуларен, фер и веродостоен, каде секој гласач/ка може непречено да го оствари своето право на глас.

прашање

18

## САКАМ И ЈАС ДА СЕ КАНДИДИРАМ И ДА СТАНАМ ПРЕТСЕДАТЕЛ/ ПРЕТСЕДАТЕЛКА ИЛИ ДЕЛ ОД ПРАТЕНИЧКИТЕ ЛИСТИ ИЛИ ЛИСТИТЕ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ/ГРАДОНАЧАЛНИЧКИ?

Право да поднесат листа на кандидати за пратеници и пратенички, листа на кандидати и кандидатки за членови на совет, односно листа на кандидат или кандидатка за градоначалник/градоначалничка имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции, како и група избирачи.

Дополнително, Изборниот законик како „независен документ“ ги дефинира кандидатите/кандидатките за избор на претседател/претседателка на Републиката, пратеник/пратеничка, градоначалник/градоначалничка или член/членка на совет кои се поддржани од група избирачи според законски утврдениот број на собрани потписи.

Државната изборна комисија ги охрабрува сите граѓани и граѓанки кои имаат за цел да се (само)кандидираат на претстојните избори, дополнително да ги проучат законските прописи за да може да го остварат ова свое право или да се обратат до ДИК која ќе им ги даде сите потребни информации.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Д. Костуранова, И. Давидовска, И. Јованов, *„Младинско организирање во Македонија“*, Национален младински совет, 2013

2. Државна изборна комисија, *Прирачник за едукација на членовите на општинските изборни комисии, избирачките одбори и избирачките одбори за спроведување на гласањето во странство на ДИК*, Скопје, 2020 година (достапно на: https://drive.google.com/file/d/1ZURxnQj6Q3zZv2pXyNqLExMSZS2nBFwl/view)

3. Душица Перишиќ и др., *Прирачник за градоначалниците и советниците за надлежностите на локалната самоуправа*, Заедница на единиците на локалната самоуправа, Скопје, 2017

4. Е. Кочоска, *Анализа на политичкото учество на лицата со попреченост*, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2017 (достапно на: https://www.osce.org/mission-to-skopje/410309)

5. З. Илиески, *Прирачник за младински политики, учество и застапување*, Фондација за претприемачки сервис за млади

6. *Закон за младинско учество и младински политики* („Службен весник на РСМ“, бр. 10/2020)

7. *Изборен законик* (Предлог консолидиран текст/ неофицијална верзија изготвена од стручната служба на ДИК во февруари 2020) („Службен весник на РСМ“, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20); достапен на: https://www.sec.mk/izboren-zakonik/

8. *Национална стратегија за млади 2016 - 2025*, Агенција за млади и спорт, (достапно на http://strategijazamladi.mk/node/3)

9. *Прирачник за набљудување и промовирање на учеството на националните малцинства во изборните процеси*, OSCE/ODIHR, 2014 (достапно на: https://www.osce.org/odihr/elections/124067)

10. *Прирачник за набљудување и унапредување на учеството на лицата со попреченост на изборит*е, OSCE/ODIHR, 2017 (достапно на: https://www.osce.org/odihr/elections/339571)

11. *Прирачник за набљудување на учеството на жените во изборите*, OSCE/ODIHR, 2004 (достапно на: https://www.osce.org/odihr/elections/13938)

12. *Прирачник за спроведување на изборните препораки*, OSCE/ODIHR, 2018 (достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/e/0/385005.pdf)

13. Совет на Европа, *„Кажето го своето! - Прирачник за Ревидираната европска повелба за учеството на младите во локалниот и регионалниот живот*“, 2015 (достапно на: https://www.coe.int/en/web/youth/-/have-your-say-manual-in-albanian-and-macedonian)

14. Alex Farrow, *SALTO Think Tank on Youth Participation: Closer to the edge of participation and activism*, Talinn, 2018

15. *Compendium of Good Practices for Advancing Women's Political Participation in the OSCE Region*, OSCE/ODIHR 2016 (достапно на: https://www.osce.org/odihr/224206)

16. EU-Council of Europe Youth Partnership, Symposium *"The future of young people's political participation: questions, challenges and opportunities"*, 2019 (достапно на: https://pjp-eu.coe.int/en/web/youth-partnership/symposium-2019)

17. Forbrig J. (ed.), *Revisiting youth political participation – Challenges for research and democratic practice in Europe*, Council of Europe, 2005

18. Gender Equality & Election Management Bodies: A Best Practices Guide, USAID and IFES, 2014 (достапно на: https://www.ifes.org/sites/default/files/gender_equality_and_emb_best_practices_guide_final_2.pdf)

19. Inclusive Electoral Processes: A Guide for Electoral Management Bodies on Promoting Gender Equality and Women's Participation, UNDP/UN Women, 2015 (достапно на: https://www.unwomen.org/-/media/headquarters/attachments/sections/library/publications/2015/inclusive-electoral-processes-en.pdf?la=en&vs=633)

20. *Youth Participation in Democratic Life*, London School of Economics, 2013

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

342.8-053.6(497.7)(035)

**ПРИРАЧНИК за млади гласачи** / [автори Бојан Кордалов ... [и др.] ; илустрации Игор Стевковски]. - Скопје : ОБСЕ : Државна изборна комисија, 2021. - 63 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Други автори: Адмир Шабани, Нина Шуловиќ-Цветковска, Јасмина Тодоровска-Митева. - Библиографија: стр. 62-63

ISBN 978-608-4788-58-4 (ОБСЕ)
ISBN 978-608-4949-00-8 (Државна изборна комисија)

1. Кордалов, Бојан [автор] 2. Шабани, Адмир [автор] 3. Шуловиќ-Цветковска, Нина [автор] 4. Тодоровска-Митева, Јасмина [автор]
а) Избори -- Учество на млади -- Прирачници

COBISS.MK-ID 52932357